Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 08.11.2021

На 08.11.2021 во 00.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Е.Т.П.(36) од Скопје, затоа што кај неа биле пронајдени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.11.2021 во 13.40 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека во близина на караула „Гевгелија" била пронајдена неексплодирана граната со калибар 155мм од Првата светска војна. Увид бил извршен, а гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Струмица.

На 07.11.2021, во периодот од 16.00 до 21.00 часот, на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата во и надвор од населено место. При контролата биле откриени и санкционирани 83 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-51 и ГВ-32), од кои 7 (ТЕ) за повеќе од 70 километри на час над дозволеното, а 22 (ТЕ-20 и ГВ-2) за 50 до 70 километри на час повеќе од дозволеното. Покрај тоа, санкционирани се и 39 пречекорувања во населено место (ТЕ-17 и ГВ-22). При контролата, исто така, со соодветни поднесоци санкционирани се и 5 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-4).

На 07.11.2021 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 75 прекршоци и тоа 56 надвор од населено место и 19 во населено место, од кои 18 на подрачјето на Кочани, 14 Виница, 12 Свети Николе, 11 Штип, Берово, 8 Пробиштип, 6 Делчево и 6 Берово. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возло без возачка дозвола, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за управување нерегистрирано возило, 1 за технички неисправно возило, 1 за некористење сигурносен појас и 1 за користење мобилен телефон.

На 07.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 16 мерки за пречекорување на максимално дозволената брзина во населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 06.11.2021, во периодот од 10.00 до 15.00 часот, на тетовско-гостиварското подрачје спроведена е зајакната контрола за непрописно престигнување, во која се откриени и санкционирани 36 прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-26). Најголемиот број од прекршоците (ГВ-22) се однесувале на престигнување на места каде не е дозволено престигнување. Санкционирани биле и 10 други видови прекршоци (ТЕ-9 и ГВ-1).

На 08.11.2021 во 03.30 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на крстосница од улиците „Александар Македонски" и „Октомвриска" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген пасат", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.М.(26) од Прилеп и патничко возило „хјундаи акцент", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(19) од Прилеп. Во несреќата, со тешки телесни се здобиле сопатниците во „хјундаи", Н.А.(42) и малолетничка, двајцата од Прилеп, констатирани во болницата во Прилеп. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и увидна екипа на Полициска станица Прилеп.

Во текот на изминатото деноноќие (07.11/08.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 9 прекршоци.

Денеска (08.11.2021) во периодот од 07.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непрописно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 142 возачи. Од нив, 63 на територијата на СВР Тетово, 23 непрописно престигнувале на територијата на СВР Охрид...

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Р.М.(42) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес извршен во неговата куќа во Струга и во викенд куќа во струшкото село Вишни, пронајдени се и одземени ловечка пушка калибар 16 мм и воздушна пушка „гамо" калибар 4,5 мм што нелегално ги поседувал.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе известување против С.Х.(26) од Пакистан, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти " по член 418-б од Кривичниот законик. На 06.11.2021 во близина на с.Речица, кумановско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот затекнале група од 14 лица мигранти од Индија. Според изјавите што ги дале, тие му платиле на С.Х. за да им помогне илегално да ја преминат границата помеѓу Република Србија и Република Северна Македонија и да ги однесе до Република Грција. Од страна на судија на претходна постапка на пријавениот му е одредена мерка притвор.

На 07.11.2021 во 22.45 часот во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Р.М.(22) од Кичево, затоа што претходно, во куќа на заеднички пријател на ул. „Прилепска", по кратка расправија, со остар предмет му нанел повреда на М.Д.(41) од Кичево. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.11.2021 околу 11.30 часот на место викано „Соколец" во с.Калиште, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар пронашле огревни дрва без жиг. По извршениот увид дрвата биле предадени на Шумска полиција за натамошна постапка. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.11.2021 во 07.30 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека настанал пожар во гаража – плевна, сопственост на З.С.(68) од Виница, при што целосно изгорела плевната во која имало сено, механизација и алат. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Виница, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 08.11.2021 во 02.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бензинска пумпа на бул.„Илинден" едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.11.2021 во 03.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека од СОС Детско село - Бардовци се оддалечила М.Б.(16) од с.Бардовци, скопско. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет